„Кога ќе се постави џеназата (врз носилката) и кога луѓето ќе ја подигнат на своите раменици, ако покојникот бил добар, ќе рече: ‚Поведете ме напред!‘

Ебу Сеид ел-Худри, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кога ќе се постави џеназата (врз носилката) и кога луѓето ќе ја подигнат на своите раменици, ако покојникот бил добар, ќе рече: ‚Поведете ме напред!‘ А ако бил лош, ќе рече: ‚Тешко мене, каде ме носите?‘ Неговиот глас го слушаат сите – освен луѓето. А кога тие би можеле да го чујат, би паднале во несвест од страв.“

[رواه البخاري] [صحيح]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, известил дека кога џеназата ќе се постави на носилката и мажите ќе ја подигнат на своите раменици, ако покојникот бил добар – ќе рече: „Поведете ме напред!“ – поради она што го гледа од наградата што го очекува. А ако не бил добар – ќе извика со страотен глас: „Тешко мене, каде ме носите?!“ – поради она што го гледа од казната што му претстои. Неговиот глас го слушаат сите – освен луѓето. А кога човекот би можел да го чуе, би паднал во несвест од ужасот на тоа што го слуша.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3554